# ИНЈЕКТИНГ К2

*Адитив за подготовка на цементни смеси за инјектирање на кабли за преднапрегање и цементни смеси за санации*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Се употребува како адитив за подготовка на експандирачки цементни инјекциони смеси наменети за инјектирање на кабли кај преднапрегнати носачи, инјектирање на геотехнички анкери, консолидационо инјектирање и пополнување на каверни кај некохерентна почва и карпести маси, контактно инјектирање во тунелоградбата, за инјектирање или залевање на пукнатини при санација на бетонски елементи и др.

## СВОЈСТВА

- Овозможува постигнување на висока флуидност на инјекционата смеса при низок W/C фактор (W/C<0.42);
- Во зависност од применетото дозирање го намалува/компензира собирањето на цементната инјекциона смеса или предизвикува блага експанзија;
- Ја намалува или елиминира можноста од појава на издвојување на вода (“крварење”) на свежата инјекциона смеса

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | ДЕКЛАРИРАНИ ВРЕДНОСТИ |
|---|---|
| Изглед | Сива прашкаста материја |
| Запреминска маса во растресита состојба | 870-930 kg/m³ |
| pH вредност на 2% раствор | 11,0-13,0 |
| Содржина на хлориди растврливи во вода | ≤ 0,1 % |
| Содржина на алкалии ($Na_2O$ еквивалент) | ≤ 5% |

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА И ДОЗИРАЊЕ

Во зависност од бараните перформанси, Инјектинг К2 се дозира од 0,2 до 1,0 % од масата на цементот. Инјектинг К2 се додава во сувата цементна мешавина. Со постојано мешање се додава вода до постигнување на бараната конзистенција. Притоа се контролира количината на вода со цел да не се надмине проектираниот W/C-фактор. Мешањето се врши машински, до добивање на хомогена смеса. Пред да се внесе инјекционата смеса во инјекторот, истата мора да помине низ сито. Целиот процес на мешање и вградување на инјекционата смеса не треба да трае подолго од 30 минути. Пред употреба потребно е да се извршат претходни испитувања заради утврдување на точното дозирање на адитивот со која ќе бидат исполнети бараните услови на квалитет на инјекционата смеса.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk

## КОМПАТИБИЛНОСТ

Инјектинг К2 е компатибилен со сите типови на цемент. Во зависност од бараните перформанси, покрај Инјектинг К2 во цементната инјекциона смеса може да се дозираат и други адитиви за бетон од групата на пластификатори, суперпластификатори, забрзувачи и успорувачи на врзувањето и др. Различните адитиви потребно е да се дозираат засебно (без меѓусебно мешање).

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со вода, веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Вентил вреќи од 15 kg.

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5ºC до 35ºC, заштитен од директно изложување на сонце . Рок на употреба: 12 месеци.

<u>Опасност по здравјето</u>:
Потребно е да се внимава материјалот да не дојде во контакт со кожа, очи или да дојде до вдишување на материјалот. Во случај на контакт на кожата, потребно е да се измие со вода и сапун. Во случај на контакт со очите, потребно е веднаш да се изврши плакнење со чиста проточна вода, како и да се побара медицинска помош. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Пожар</u>: Инјектинг К2 е незапалив. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.
<u>Чистење и депонирање</u>:
Чистење на остатоци од Инјектинг К2 се врши со вода. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад. Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна опрема на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.





АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) no.11,1060 Скопје, Република Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс: + 389/02 2034 850; e-mail: ading@ading.com.mk